Арх.бр. УП1-15 1608/2022

Дата.......................
25 -08- 2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, дел од КП 705, КП 706, КП 707, КП 708 и дел од КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци.**

Предвидените површински солари и фотоволтаични електрани се со капацитет до 10 MW и зафаќаат површина од околу 1,47 ha.

Предметниот опфат се граничи со планскиот опфат за којшто се издадени Услови за планирање на просторот за Генерален урбанистички план на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, Општина Кавадарци, со технички број У23516.

Во непосредна близина поминува траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за линија за примарна оптичка и секундарна хибридна мрежа за пренос на ТВ, интернет и телефонски услуги на делницата Глишиќ – Марена – Сопот, Општина Кавадарци, со технички број У03213.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. У33222** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата на проектот - изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708, КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708, КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708, КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Општина Кавадарци, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), поднесе барање преку електронскиот систем е-урбанизам, со број на постапка УПП 44488 од 13.07.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708, КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци. Предвидените површински солари и фотоволтаични електрани се со капацитет до 10 MW и зафаќаат површина од околу 1,47 ha.

Предметниот опфат се граничи со планскиот опфат за којшто се издадени Услови за планирање на просторот за Генерален урбанистички план на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, Општина Кавадарци, со технички број У23516.

Во непосредна близина поминува траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за линија за примарна оптичка и секундарна хибридна мрежа за пренос на ТВ, интернет и телефонски услуги на делницата Глишиќ – Марена – Сопот, Општина Кавадарци, со технички број У03213.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708 и дел од КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1608/2022 од 23.08.2022 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708 и дел од КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на гореневеденото, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на елекртична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, КП 705, КП 706, КП 707, КП 708 и дел од КП 709 во КО Глишиќ, Општина Кавадарци** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk